
ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

БИЛТЕН

БРОЈ 5/25



01.10.2025 година

Р Е Ф Е Р А Т

За избор на соработник во соработничко звање Асистент
од област „Ликовна/визуелна уметност'' (6.04.00.01 - Фраскатиева класификација)
на Факултетот за арт и дизајн при
Европски универзитет во Скопје

Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет во Скопје, на **265**-та седница одржана на 19.09.2025 година формира Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Благојче Наумоски – претседател; проф. д-р Слободан Милошески – член и проф. д-р Гордана Вренцоска – член за избор на соработник во соработничко звање Асистент на Факултетот за арт и дизајн, од областа:

1. **Ликовна/визуелна уметност -** 1 извршител.

На распишаниот Конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент од област „Ликовна/визуелна уметост“ на Факултетот за арт и дизајн, се пријави еден кандидат: м-р Ана Трајковска.

Рецензентската комисија до Наставно – научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ- Скопје, го поднесува следниот:

И З В Е Ш Т А Ј

На распишаниот Конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент од област „**Ликовна/визуелна уметност**“ на Факултетот за арт и дизајн, кој беше објавен на 09.09.2025 година во весникот Вечер, се пријави еден кандидат: **Ана Трајковска**, која поднесе пријава на ден 17.09.2025 год.

Кандидатот во прилог достави: пријава по конкурс, професионална биографија, уверение и диплома за завршен прв циклус, уверение/доказ за стекнат степен магистер од соодветната област, потврда за познавање на англиски јазик, уверение за државјанство и портфолио.

1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ:

Ана Трајковска
Датум на раѓање: 31.07.1995. Место на раѓање: Скопје.

Образование:

Средно образование завршила во ДСУЛУД „Лазар Личеноски'' каде во 2014 година дипломирала со одличен успех.

Во 2018 година, високото образование го завршила на Факултетот за ликовни уметости – Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје, каде се стекнала со назив/диплома **Дипломран графичар**, со просечна оценка 9,6.

Во 2021 година, вториот циклус на студии - магистерски студии го завршила на Факултетот за ликовни уметности, Универзитет Св. Кирил и Методиј Скопје – Скопје и се стекнала со назив/диплома **Магистер по ликовни уметности од област графика**, со просечна оценка 9,90.

Во 2023 година, Педагошка доквалификација на педагошкиот факултет „Св.Климент Охридски“, Скопје.

Во 2023 година, обука за графички дизајн спроведен од Нетинг дооел, Скопје.

2. СТРУЧНО – УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ

Досега има реализирано осум самостојни изложби:

2025 - Самостојна изложба со Доротеј Нешовски во НГМ, Објект Мала станица-Системска кршливост,

2024 - Самостојна изложба со Јана Луловска – Експериментални графики во Француски инситут, Скопје.

2023 - Самостојна изложба со Ивана Самандова – Flux – Revelations во КИЦ , Културно Информативен Центар Скопје.

2023 - Самостојна изложба во организација на Центарот за култура во Струга – „Тоа е тоа што е“.

2023 - FLUX – Самостојна изложба со Ивана Самандова во Отворено Графичко Студио.

2021 - Самостојна изложба, Црно и бело, НУЦК Трајко Прокопиев, Куманово.

2021 - Самостојна изложба на БОШ Фестивал.

2020 - „Трансфигурации “ – МКЦ, Скопје.

<u>Учества на меѓународни изложби:</u>

2024 - Седми меѓународен Art Open Air 2024 во Полска, Чаплинек – ликовна колонија – Групна Изложба во Полска, Чаплинек.

2024 - Уметнички симпозиум во Истанбул, Турција во Македонскиот културен центар, Групна изложба на македонски автори во Културно Информативниот Центар во Турција, истанбул.

2024 - Уметнички симпозиум во Болу, Турција, 2024 година, со изложба на дела.

2023 - Open Studio Day – Изложба во соработка со Јана Луловска во Cite des arts во Париз, Франција.

2023 - Учесник на курираната групна изложба со хрватски авторки – Фемина v.s Femininologija“ – во Културно Информативен Центар во Загреб, Хрватска.

2023 - Феминистичката ликовна колонија во Србија во Сиќево во Ниш, со изложба во Галерија во Ниш

2023 - Интернационалната резиденција „ Rise od women“, во Задар, Хвратска, со изложба на дела во Брисел.

Реализирани групни изложби

2024 - Седми меѓународен Art Open Air 2024 во Полска, Чаплинек – ликовна колонија.

2024 - Уметнички симпозиум во Истанбул, Турција во Македонскиот културен центар.

2024 - Уметнички симпозиум во Болу, Турција.

2024 - Финалист на Остен интернационално биенале на цртеж.

2024 - Куратор и носител на групна изложба на млади автори - „Цртај на македонски јазик” во соработка со ДЛУМ во АРТ ХАБ – Скопје.

2024 - Зимски Салон, ДЛУМ– Интимност и интерконекција во Чифте Амам.

2023 - Open Studio Day – Изложба во соработка со Јана Луловска во Cite des arts во Париз, Франција.

2023 - Престој во Ситето во Париз, одобрено преку Министерство за култура.

2023 - Селектирана авторка за VR Studio на PrivatePrint.

2023 - Учесник на првата групна изложба – Галерија под отворено небо, 2023 Велес, општина Чашка,

2023- Учесник и куратор на групната изложба „Просторни реадаптации 2.0“ на кејот Вардар.

2023- Учесник на курираната групна изложба со хрватски авторки – Фемина v.s Femininologija“ – во Националната галерија, Мала станица, Скопје.

2023 - Престој во Виена преку Cultart academy.

2023 - Учество на 14то Биенале на малди автори, МСУ Скопје.

2023 - Организатор на втората изложба покрај кејот на Вартар – Просторни реадаптации 2.0 – Скопје.

2022 - Учество на фестивалот „Под земја полесно се дише" Скопје.

2022 - Учество на ретроспективна изложба 50 години МКЦ – Мкц, Скопје.

2022 - Изработка на мурал од проектот „ Цртај на македонски јазик " во О.У Коле Неделковски, Скопје.

2022 - Учество на „ Skopje Light art festival 2022 " во Градски парк, Скопје.

2022 - Учество на Бела ноќ, Градски парк Скопје.

2022 - FLUX – Самостојна изложба со Ивана Самандова во Отворено Графичко Студио

2022 - Групна изложба „Not your toy''- инструменти на моќта, работникот и неговите права во услови на глобална економска криза, Монтажна галерија, Скопје.

2022 - „Поместени граници" – групна изложба организирана од ДЛУМ во Министерството за култура, Скопје.

2022 - Интернационалната резиденција „ Rise od women", во Задар, Хрватска.

2022 - „ Просторни реадаптации 1 " групна изложба на Кејот на Вардар.

2022 - Феминистичката ликовна колонија во Србија во Сиќево во Ниш.

2022 - „ Заедно дишеме " – Учество во проект на Симона Манчева (Велес, Кавадарци).

2021 - Организатор и координатор на групната изложба „ Изложба " , МКЦ галерија 1, Скопје.

2021 - XIII Биенале на млади уметници, Музеј на современа уметност, Скопје.

2021 - " Урбани печати " – Носител и организатор на графичка работилница со деца, и изложба на работилниците во кафе- книжарница Буква, Скопје.

2021 - Резиденцијален престој за визуелни уметници организиран од ХОПС.

2021 - Самостојна илозжба на БОШ Фестивал.

2021 - Учесник на „Бела Ноќ''.

2021 - Изложба „ Патерн" организирана од Скала Магазин во просториите на КСП Центар – Јадро , Скопје.

2021 - Изложба во Мала Станица во рамките на учество на 31вата Ликовна колонија во Галичник, Куратор Ана Франговска, 09.11. 2021

2021 - Работилниоца за ментално здравје со млади лица од 14 – 18 години, Партизан принт, Скопје.

2020 - Учесник на групна изложба по повод Obscure Sounds of North FYROM од BoD [PMGRec176], МКЦ, Скопје.

2020 - Учесник на групна изложба „ На работ'', Галерија Акантус, Скопје.

2020, Изложба на новата млада генерација 2017 – 2020 ДЛУМ , Арт Хаб галерија, Скопје.

2020 - Уметник на неделата на телевизија Телма – 90 минути.

2020 - „Дијалог во карантин"- Самостојна изложба, Градски парк, Скопје.

2020 - Учесник на 31вата ликовна колонија во Галичник.

2020 - Учесник со светлосни инсталации во рамките на „Бела Ноќ'', Ибни Пајко, кровот на ГТЦ (ДЛУМ) , Скопје.

2020 - Основач на приватно ателје за часови по цртање и сликање во Партизан принт.

2020 - Oxygen room – Кислородна соба – Субкултурен центар „ Шорт Бас'' – Short Bus, Скопје.

2020 - „ Трансфигурации " – Самостојна изложба во МКЦ, Скопје.

2020 - Учесник на Ex Libris Skopje.

2019 – Учесник на групна изложба „Young art", Музеј на град Скопје

2019 - Донирано дело за „ World artists for Venice.

2019 - Учесник на изложбата „ Цртаме акт'' – ShortBus.

2019 - Учество во спремање и местење на проектот „АдаН во градот на огнот" на Нада Прља.

2018 - Интернационално Графичко Биенале во Музеј на Град Скопје.

2018 - Меѓународна изложба Ex Libris, 2018, Скопје

2018 - Оргнизатор и координтор на изложбта „Светлината во нас“, Libraria e Carshise, Скопје.

2019 - Оргнизатор и координтор на изложбта „ Ars longa vita brevis” – Генерациска изложба на генерцијата од 95’, Галерија на ДСУЛУД Лазар Личеноски, Скопје

•2019 - Работилница на тема: Слободно сликање и цртње’’ Одржана на Филозофскиот Факултет при Студентскта конференција Разменуваме знаења – создаваме можности, Скопје

2019 - Учесник на 20то Биенале на графика во Варна.

2019 - Учесник на групна изложба во МКЦ „The Present’’, Скопје.

2019 - „Дијалог”- Самостојна изложба со Ива Станковска во НУЦК Никола Јонков Вапцаров – Делчево.

2019 - Учесник на „Графичко триенале’’ – Графичка работилница Софија, Музеј на Град Скопје.

2019 – Обука на конзервација и реставрација на хартија, НУБ „Св. Климент Охридски” , Скопје.

2017 - Биенале на мала графика во Тетово.

2018 - Учество во спремање и местење на проектот „Бесконечност” на Петре Николоски.

2018 - Меѓународната графичка работилница „Софија“, проследено со изложба на дела од работилницата во НУ Центар за култура во Битола и Центарот за култура во Богданци.

2018 - Тактилна изложба при Интернационалниот ден на толеранцијата 2018 во Музеј на Македонија организирана од археолошко студенско здружение „Аксиос“.

2018 - Изложба на графики во Музеј на Македонија во организација на „Аксиос“.

2016 - Учество на семинар и мултимедијален уметнички проект „ Во чевлите на бегалците".

2016 - ОСТЕН Биенале на цртеж.

3. СТРУЧНО – АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ

2017 година, Помага и надгледува при организација на изложба на Мице Јанкуловски и Ирена Гапковска (Венеција, 2017).

2021 година, Работа на филмски сет како Уметник-Скулптор, за потреби на проектот " Најсреќниот човек на свет " КИНЕМАТОГРАФСКО ДЕЛО/ИГРАН ФИЛМ, по сценарио и во режија на Теона С. Митевска.

2022 -2023 година, Професор по цртање и сликање во приватната академија за уметности **„Полев и уметностите''**.

Од 2023 година ја извршува функцијата на Секретар на ДЛУМ.

4. ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ:

Октомври 2022– Јуни 2023 Надворешен соработник од областа „Ликовна уметност" на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет, во рамки на проекти за предметите „Типографија", „Дизајн на печатени медиуми", и „Мултимедија".

Октомври 2023 – Јуни 2024 Надворешен соработник од областа „Ликовна уметност" на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет, во рамки на проекти за предметите „3Д дизајн'', „Основи на типографија"„Мултимедија" и „Дизајн на печатени медиуми"

Октомври 2024 – Мај 2025 Надворешен соработник од областа „Ликовна уметност" на Факултетот за арт и дизајн, Европски универзитет, во рамки на проекти за предметите „3Д дизајн'', „Основи на типографија", „Мултимедија" и „Дизајн на печатени медиуми".

5. НАГРАДИ И ПРИЗНАНИЈА:

Финалист на „**Остен Биенале на Цртеж''**, 2024

Добитник на награда за најдобра графика од **Агенција за млади и спорт од Република Северна Македонија,** 2022

Добитник на награда од ДЛУМ за изложбата **„Нови енергии"** Скопје, Art Hub, 12.11.2022

6. КОМПЈУТЕРСКИ ВЕШТИНИ:

Adobe **InDesign (Id)**
Adobe **Illustrator (Ai)**
Adobe **Photoshop (Ps)**
Adobe **Premiere Pro (Pr)**

РЕЦЕНЗИЈА

Според приложените податоци, за конкурсот за избор на соработничко звање Асистент на Факултетот за арт и дизајн, од областа „**Ликовна/визуелна уметност**" на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, Рецензентската комисија забележува дека кандидатката Ана Трајковска има познавање и искуство во областа на ликовната / визуелната уметност и дизајнот, кое се забележува од стручно-уметничката, стручно-апликативната и образовна досегашна практика на кандидатот.

Стручно-уметничката дејност на кандидатот се забележува преку самостојните изложби, активните учества на групни изложби и јавни конкурси во областа на ликовната уметност. Од нејзиното портфолио може да се заклучи дека станува збор за кандидатка која има развиени визуелни вештини и напредно креативно размислување. Таа е усовршена во полето на ликовните техники, но и во мултимедијата. За нејзините квалитети потврдуваат и наградите кои ги добила за своите дела.

Стручно – апликативната дејност на Ана Трајковска се забележува преку учествата во проекти од областа на визуелната уметност, работата на филмски сет, како и работното искуство. Таа ја владее целосно методологијата на истражување и дизајнирање, и може самостојно да раководи проект од областа на ликовната уметност но и на графичкиот дизајн.

Образовната дејност се забележува преку нејзиниот ангажман како надворешен соработник во различни проектни активности од областа „Ликовна уметност" во Академската 2022/2023, 2023/2024 и 2024/2025 година на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет, и како ментор за цртање и сликање во школата „Цолев и уметностите".

Кандидатката има учествувано на повеќе групни домашни и меѓународни изложби и се има стекнато со награди и признанија од областа на ликовната уметност. Исто така поседува компјутерски вештини соодветни и за областа „Графички дизајн".

КОНСТАТАЦИЈА

На објавениот конкурс конкурирала Ана Трајковска, кандидат со соодветно образование, познавања и вештини:

- **Дипломран графичар**, со просечна оценка **9,6**.
- **Магистер по ликовни уметности од област графика**, со просечен успех **9.90** на вториот циклус студии;
- Учествувала на изложби и конкурси за уметност;
- Добитничка е на награди за своите уметнички дела;
- Има искуство како уметник, графички дизајнер и како едукатор;
- Поседува соодветни компјутерски вештини за област графички дизајн;
- Кандидатката доставила доказ за познавање на англиски јазик;
- Кандидатката поседува познавања и искуство потребни за да одговори на прописите на објавениот конкурс за избор во соработничко звање Асистент од областа „**Ликовна/визуелна уметност**" на Факултетот за арт и дизајн при Европски универзитет.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

На распишаниот Конкурс за избор на соработник во соработничко звање Асистент од област "**Ликовна/визуелна уметност'' (6.04.00.01 - Фраскатиева класификација)** на Факултетот за арт и дизајн, кој беше објавен на 09.09.2025 година во весникот Вечер, се пријави еден кандидат: **м-р Ана Трајковска**.

Од горенаведените податоци и по разгледување на поднесените документи од страна на кандидатката **м-р Ана Трајковска**, Рецензентската комисија заклучува дека кандидатката ги исполнува условите за избор според објавениот конкурс, и има задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за арт и дизајн при ЕУ Скопје да ја избере во соработничко звање Асистент од областа „**Ликовна/визуелна уметност** ", според Член 170 на Законот за високото образование на Р.С. Македонија.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:

Проф. м-р Благојче Наумоски – претседател

Проф. д-р Слободан Милошески - член

Проф. д-р Гордана Вренцоска – член